This project is funded by the European Union

This project is implemented by

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

# КУРИКУЛУМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ ЗА ОБУКИ ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**М-р. Светлана Црвенковска**
**Доц. д-р.Ирена Бојаџиевска**
**Придонес: м-р Милена Јосифовска**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** .......... 3

**I. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА СЛУШАТЕЛИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ – ДЕЛ ОД ПОЧЕТНАТА ОБУКА** .......... 4

**II. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ – ДЕЛ ОД КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА** .......... 5

- Предлог програма за обука на судиите од апелационите судови, вишите јавни обвинители, судиите од основните судови, јавните обвинители од основните јавни обвинителства, тука вклучувајќи го и основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
- Предлог програма за обука на судиите од Управниот суд и Вишиот Управен Суд .......... 6
- Предлог прогама за советување помеѓу судиите од Врховниот суд и обвинителите од Јавното обвинителство на РСМ .......... 6

**III. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ** .......... 7

**IV. СЕСИИ** .......... 8

*Курикулумот е изработена во рамките на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн-просторот“, финансиран од Европската унија. Содржината на курикулумот е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.*

# ВОВЕД

Во рамки на проектот “Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот”, чија цел е да се зајакнат капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со меѓународните стандарди, меѓудругото, предвидено е подготовка на програми, но и одржување на обуки на оваа тема, на сегашните и идните судии и јавни обвинители во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев”.

Овој документ става фокус токму на програмите за обука за сегашните и идните генерации на судии и јавни обвинители на тема заштита на лични податоци и приватност во онлајн просторот. Со тоа што, свесни за нивото на знаење и искуство во работа на предмети на ваква или слична тематика, програмите за обуки се соодветно прилагодени на оние кои се слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители и за оние кои се веќе избрани судии и јавни обвинители. Притоа, на крајот е инкорпорирана и програма за обука на обучувачи, кои пак обучувачи ќе ги користат програмите за обуки на оваа тема и ќе ги пренесат своите знаења на други сегашни или судии и јавни обвинители.

Овој документ содржи: предлог програма за секоја од гораневедените групи и подетално објаснување за секоја од сесиите, кои се дел од предлог програмите. Со тоа што, за секоја сесија е наведено дали може да се предава засебно или е поврзан со друга сесија. Начинот на кој се подготвени сесиите е за да се даде можност на обучувачите кои ќе бидат избрани и ќе ја поминат обуката за обучувачи, зависно од групата на која и држат обука, да направат своја комбинација на модули кои сметаат дека се од значење и соодветни на слушателите на обуката.

Долунаведените предложени поделби на програми прават обид да воспостават рамка и да направат дистинкција помеѓу програма за обука односно едно ниво на вештини и знаење за почетна обука и напредна обука односно друго ниво на вештини и знаење за континуирана обука. Имајќи предвид дека не секогаш слушателите на овие обуки се на исто ниво односно некои од нив веќе имале обуки на оваа тема а други за прв пат се среќаваат, е причината зошто овој документ нуди разграничување на темите по сесии односно аспекти кои треба да се содржат во програмите за слушателите на ваквите обуки да ги стекнат потребните вештини и знаења. Вака концепираните сесии оставаат простор да бидат наизменично комбинирани според потребите на целната група.

Воедно, за обучувачите главната препорака е да земат предвид дека ова е особено динамична материја поради тоа што зборуваме за пракса, прекршувања и злоупотреби во онлајн просторот, така што самите обучувачи ќе имаат обврска да ги ажурираат, надградуваат и надополнуваат со актуелни проблеми самите сесии.

Опфатот на ваквите обуки како што беше и погоре наведено е обемен, битноста на темата создава потреба вакви обуки да поминат што е можно поголем број судии, обвинители и стручна служба, особено поради фактот дека нема посебни одделенија на судии и обвинители кои работат вакви случаи. А исто така кога станува збор за процесни дејствија во постапките и пред граѓанските и управните судови, заштитата на овие права ја обезбедува секој судија поединечно.

## I. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА СЛУШАТЕЛИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ – ДЕЛ ОД ПОЧЕТНАТА ОБУКА

Програмата за продлабочената обука која би ја посетиле слушателите на почетната обука на АСЈО ќе има за цел да ги воведе кандидатите во темата заштита на лични податоци и право на приватност, да се запознаат со релевананата домашна и меѓународна правна рамка, да добијат знаење за релевантната институционална рамка за заштита на овие две права, како и успешно да го применат наученото на конкретна студија на случај. Она што е важно е идните судии и јавни обвинители, како правни професионалци, да ја осознаат улогата која тие ја имаат во заштитата на приватноста и податоците на луѓето. Оваа програма се содржи од 4 посебни модули и тоа:

- Вовед во темата со фокус на важноста на постоењето на правни механизми за заштита на личните податоци и правото на приватност во онлајн просторот
- Домашна правна рамка (генерална и специјализирана)
- Меѓународна правна рамка
- Институционална рамка
- Практичен дел – работа на студија на случај со фокус на предмети од судот на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата каде имало повреда на правото на приватност односно заштитата на личните податоци во онлајн просторот

Она што е дадено како предлог програма за оваа обука, може во одреден формат да се вметне во програмата за почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители. Притоа, не би се направило посебен дел само за заштитата на лични податоци, туку може соодветно на различните теми, дел од предлог обуката, да се збогатат различните модули на почетната обука. На пример во модулот за кривичното право да се вклучи дел и за

кривичното дело за злоупотреба на лични податоци согласно член 149 од КЗ, или во модулот за управното право да се вклучи дел за работата на АЗЛП и Законот за заштита на личните податоци, во модулот за граѓанското право да се вклучи дел за повреда на честа и угледот, при повреда на личните податоци, соглсно Законот за облигационите односи и надомест на штета во вакви предмети, итн.

## II. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ – ДЕЛ ОД КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА

Програмата за обука која би се одржала на веќе именувани судии и јавни обвинители има за цел да ги дообликува нивните теоретски познавања на темата право на приватност и заштита на личните податоци, но и да им помогне нивните веќе стекнати вештини и знаења на темата да ги применат на конкретни случаи. Оваа програма повеќе ќе се фокусира на практични вежби и студии на случај. Програмата за обука на веќе избрани судии и јавни обвинители, се однесува на три целни групи:

1. Во првата група се судиите од апелационите судови, вишите јавни обвинители, судиите од основните судови, јавните обвинители од основните јавни обвинителства, тука вклучувајќи го и основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.
2. Втората група ги сочинуваат судиите од Управниот и Вишиот Управен Суд.
3. Во третата група влегуваат судиите од Врховниот суд на РСМ и обвинителите од Јавното Обвинителство на РСМ.

За секоја од овие три групи е развиена посебна предлог програма. Со тоа што, за третата група е даден предлог за советување со модератор, а не обука.

- Предлог програма за обука на судиите од апелационите судови, вишите јавни обвинители, судиите од основните судови, јавните обвинители од основните јавни обвинителства, тука вклучувајќи го и основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

    - Домашна правна рамка (генерална и специјализирана)
    - Релевантна пракса на Европскиот суд за човекови права и други инструменти на Советот на Европа (фокус на Конвенција 108+)
    - Член 8 од Европската конвенција за човекови права и тестот на пропорционалност
    - ГДПР и пракса на Европскиот суд на правдата
    - Практични вежби (студија на случај)
    - Механизми за користење меѓународна правна помош и механизми за користење меѓународни мрежи за судска и обвинителска соработка

- Надомест на штета
- Влијанието на модерното време и новите технологии на заштитата на личните податоци и правото на приватност

## ➢ Предлог програма за обука на судиите од Управниот суд и Вишиот Управен Суд

- Домашна правна рамка (специјализирана)
- Институционална рамка со фокус на АЗЛП
- Работа на предмети по тужба против одлуки на АЗЛП
- Меѓународна правна рамка со фокус на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП, и примена на тестот на пропорционалност уреден со член 8 од ЕКЧП
- Студии на случај

## ➢ Предлог прогама за советување помеѓу судиите од Врховниот суд и обвинителите од Јавното обвинителство на РСМ

- Предизвиците кои ги носи модерното време при заштита на личните податоци и правото на приватност
- Меѓународна правна рамка, фокус на праксата на Европскиот суд за човекови права и Европската конвенција за човекови права
- Споделување искуства при работа на предмети од областа на лични податоци и право на приватност (примери од пракса, особено доколку повредата се случила во онлајн просторот)
- Влијанието на модерното време и новите технологии на заштитата на личните податоци и правото на приватност

## III. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ

Програмата за обуката за обучувачи е најсеопфатна и потребно е да ги опфати сите теми кои ги содржат претходнонаведените програми за обука. Обучувачот мора да биде спремен и да има комплементарно познавање на темата, имајќи предвид дека можеби ќе држи предавање на слушателите на Академијата како дел од почетната обука, но можеби ќе држи предавање и на судии од апелационите судови, кои имаат многу поголемо знаење и искуство од останатите слушатели. Впрочем, и самите обучувачи е потребно да имаат некое предзнаење на темата, но како што беше потенцирано погоре, темата за заштита на лични податоци и правото на приватност во онлајн просторот е динамична и често променилива, и оној кој ќе биде обучувач мора да биде соодветно подготвен да одговори на овој предизвик. Обуката за обучувачи е потребно да трае дена и убаво да ја разработи секоја од дадените теми. Предлог програмата за обуката обучувачи е следна

- Вовед во темата и нејзиното значење
- Осврт на методи и начини на одржување на обуки
- Домашна правна рамка (генерална и специјализирана)
- Меѓународна правна рамка, вклучувајќи ја судската пракса на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права
- Посебен осврт на членот 8 од Европската конвенција за човекови права и тестот на пропорционалност
- Институционална рамка, вклучувајќи ги и механизмите за меѓународна соработка
- Влијанието на модерното време и новите технологии на заштитата на личните податоци и правото на приватност
- Упатство за спроведување практични вежби

## IV. СЕСИИ

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Генерална домашна правна рамка од областа на заштита на личните податоци |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Целите на оваа сесија вклучуваат стекнување знаење кај слушателот кои закони од националното законодавство имаат одредби односно опфаќаат заштита на приватноста и личните податоци и во кој контекст истите се применуваат |
| Содржина | Сесијата треба да даде осврт на одредбите од законите кои опфаќаат заштита на приватноста и личните податоци и нивната примена:<br>- Закон за кривична постапка<br>- Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета<br>- Закон за ратификација на конвенцијата за компјутерски криминал<br>– Закон за правда на децата<br>- Закон за заштита на укажувачи<br>- Закон за платежни услуги и платни системи<br>- Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам<br>- Закон за здравствена заштита<br>- Закон за заштита на правата на пациентите<br>- Закон за социјална заштита<br>- Закон за попис 2021<br>- Закон за централен регистар на население<br>*домашна судска пракса |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Оваа сесија може да се нуди самостојно но предуслов за нејзино вградување во курикулумот е слушателите веќе да ја имаат поминато сесијата за Специјална домашна правна рамка од областа на заштита на личните податоци - ЗЗЛП во рамките на оваа или претходна обука домашна правна рамка од областа на заштита на личните податоци |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://ldbis.pravda.gov.mk/ |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Специјализирана домашна правна рамка од областа на заштита на личните податоци - ЗЗЛП |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Целите на оваа сесија вклучуваат стекнување знаење на слушателот за тоа што опфаќа Законот за заштита на личните податоци, на кого се однесува, како се спроведува и кои се најважните подзаконски акти за негова имплементација |
| Содржина | Сесијата треба да содржи:<br>• Детална презентација на Законот за заштита на личните податоци<br>• Избрани подзаконски акти од ЗЗЛП<br>• Судска пракса на управните судови кои постапувале по тужба во предмети против АЗЛП |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Оваа сесија треба да се нуди екстензивно за почетна обука, а за континуирана обука може да се даде во скратен формат пред сесијата или во комбинација со сесијата за генерална може да се нуди самостојно или во комбинација меѓународна судска пракса односно релевантното case-law (избор на обучувачот) |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | www.azlp.mk |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Меѓународна правна рамка од областа на заштита на личните податоци |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Целите на оваа сесија вклучуваат стекнување знаење на слушателот за тоа кои се меѓународни инструменти опфаќаат заштита на приватноста и личните податоци и вештини за соодветно упатување или референцирање кон овие документи при нивна примена во пракса, вештини за тоа како да се препознае повреда на правото на приватност при злоупотреба на лични податоци, како да се применат најважните ратификувани меѓународни документи |
| Содржина | Сесијата треба да даде осврт на меѓународните акти кои се однесуваат на или опфаќаат заштита на приватност и личните податоци:<br>• инструменти воспоставени од страна на Советот на Европа (ЕКЧП (член 8) и Конвенција 108+)<br>• Инструменти воспоставени од страна на  Европската Унија (Повелба за човекови права (членови 7 и 8),<br>• Универзалната декларација за човекови права (член 1 и 12)<br>• Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 17)<br>• ГДПР - Општа регулатива за заштита на податоци,<br>• Директива за спроведување на законите за заштита на податоци<br>• Директива (ЕУ) 2016/680<br>• Меѓународни договори:<br>  ○ Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци,<br>  ○ Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматска обработка на лични податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци<br>  ○ Законот за ратификација на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во |

| | |
|---|---|
| | однос на автоматска обработка на лични податоци |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Оваа сесија може да се нуди самостојно или во комбинација меѓународна судска пракса односно релевантното case-law (избор на обучувачот) |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://www.coe.int/en/web/data-protection/convention108-and-protocol<br><br>https://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf<br>https://gdpr-info.eu/<br><br>https://unsceb.org/privacy-principles<br><br>https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-civil-and-political-rights<br><br>Службен весник на РМ – Меѓународни договори, бр.7 од 1.02.2005.<br><br>Службен весник на РМ – Меѓународни договори, бр.103 од 19.08.2008.<br><br>Службен весник на РСМ – Меѓународни договори, бр.152 од 7.7.2021. |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Судска пракса на Европскиот суд на правдата |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | За да се обезбеди воедначена примена на правилата за примена на Регулативата за лични податоци GDPR на ниво на ЕУ, Европскиот суд на правдата (или Судот на ЕУ) веќе има постапено во постапка за прелиминарно одлучување која постапка служи како автентично толкување за тоа како конкретни одредби од GDPR треба да бидат применети од страна на националните судови. Оваа постапка се води по поставено прашање од национален суд или трибунал на една |

| | |
|---|---|
| | земја членка, но одлуката на Судот (ЕСП) има правна сила во сите земји членки и таа станува формален извор на правото.<br>Иако во РСМ судската пракса не е формален извор на правото, како земја кандидат за членство и како држава која е целосно усогласена со GDPR, ваквите пресуди се корисни, треба да се соодветно преведени и споделени со судиите, особено преку континуирана обука. |
| Содржина | - Предмет C-268/21, Барање за прелиминарно одлучување, Norra Stockholm Bygg AB v Per Nycander AB<br>- Предмет Case C-245/20, Барање за прелиминарно одлучување, Rechtbank Midden-Nederland (District Court, Central Netherlands<br>- *Предмет C-180/21, Барање за прелиминарно одлучување, од Управниот суд – Благоевград , Бугарија (се однесува на Директива за спроведување на законите за заштита на податоци која кај нас не е транспонирана) |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Самостојна сесија |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62021CA0268<br>https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&td=ALL&num=C-245/20<br>https://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?text=&docid=268431&pageIndex=0&doclang=EN&mode=req&dir=&occ=first&part=1&cid=16780 |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Судска пракса на Европскиот суд за човекови права |

| | |
|---|---|
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Оваа сесија има за цел на слушателите да им ги продлабочи знаењата од аспект на постапување во предмети каде овие права се повредени во дигиталниот простор. Поточно, да се препознае повредата, да се реагира соодветно за да се ремедира она што е предизвикано од повредата, но и да се спречи понатамошна повреда на овие основни човекови права. Притоа, меѓудругото, потребен е фокус на правилна примена на тестот кој се применува од страна на ЕСЧП кога се разгледува наводна повреда на членот 8 од ЕКЧП. Секако, потребно е и да се применува соодветно праксата на ЕСЧП, особено од аспект на предмети каде била утврдена злоупотреба на личните податоци, без разлика дали тоа било од страна на државата или приватни субјекти.<br><br>Следење на платформата Knowledge sharing, на ЕСЧП, каде се објавени ажурирани прирачници на сите теми кои произлегуваат од примената на ЕКЧП, вклучувајќи и прирачници за правото на приватност (https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/article-8#) и заштита на личните податоци (https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/data-protection). |
| Содржина | - Право на дете родено со сурогат-мајчинство на приватен живот (D.B. and Others v. Switzerland, nos. 58817/15 and 58252/15, 22 November 2022)<br>- Прислушување на телефонска комуникација во 2004 година во контекст на кривичната постапка (Potoczká and Adamčo v. Slovakia, no. 7286/16, 12 January 2023)<br>- Системско објавување на лични податоци на даночни должници (L.B. v. Hungary [GC], no. 36345/16, 9 March 2023)<br>- Право на политичарите на приватност (application no.33776/20 Bojan Pajtić v Serbia, lodged on 13 July 2020, communicated on 10 November 2021)<br>- Право на приватност на германски актер (Axel Springer AG v. Germany (no. 2), no. 48311/10, 10 July 2014)<br>- Неоснована обработка на личните податоци на жалителите и изложување на информации за нивната |

| | |
|---|---|
| | здравствена состојба (J.M. and A.T. v. North Macedonia no. 79783/13, 22 October 2020)<br>- Следење на употребата на интернетот од страна на вработен на неговото работно место и користење на податоците кои биле собрани за да се оправда неговото отпуштање (Bărbulescu v. Romania [GC], no. 61496/08, 5 September 2017)<br>- Објавувањето на решението на интернет страната на Комисијата на 27 мај 2013 година пред правосилноста на истото (Karajanov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, no. 2229/15, 6 April 2017)<br>- Одбивање да се обврзат медиумите да анонимизираат онлајн архивски материјал за кривично дело на барање на неговите сторители со оглед на нивното неизбежно ослободување (M.L. and W.W. v. Germany, app nos. 60798/10 and 65599/10, 28 June 2018) |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Оваа сесија може да се нуди самостојно или во комбинација меѓународна судска пракса односно релевантното case-law (избор на обучувачот) |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Guide_Data_protection_ENG<br>https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/article-8#<br>https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/data-protection |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата | Членот 8 од ЕКЧП и примена на тестот на пропорционалност |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Имајќи предвид дека ЕКЧП и судската пракса на ЕСЧП се применуваат директно во нашето право, а заштитата на личните податоци и правото на приватност се објект на заштита на членот 8 од Конвенцијата, слушателите на оваа сесија ќе се стекнат со знаења на темата кои ќе им помогнат при работа на предметите од оваа област. Тука вклчувајќи ги четирите области |

| | |
|---|---|
| | кои ги штити членот 8, ограничувањата, тестот на пропорционалност, позитивните и негативните обврски на државата, процесните обврски итн. |
| Содржина | ○ Членот 8 од ЕКЧП и областите кои ги заштитува, вклучително објаснување на обврските на државата и ограничувањата пропишани со ставот 2 од овој член<br>○ Тест на пропорционалност:<br>- Дали наводите влегуваат во оквир на членот 8 и ако да, со која област се заштитени (приватен живот, семеен живот, дом, коренспонденција)?<br>- Дали се случило попречување на остварување на ова право?<br>- Дали попречувањето било во согласност со закон?<br>- Дали попречувањето било заради остварување на некоја од легитимните цели пропишани со член 8 став 2 од ЕКЧП?<br>- Дали попречувањето било неопходно во едно демократско општество?<br>○ Заштитата на личните податоци како дел од членот 8 и судска пракса на ЕСЧП од овој аспект<br>○ Предизвиците во заштитата на личните податоци предизвикани од новите модерни технологии |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Сесијата не е самостојна и најдобро е да се понуди во комбинација со сесијата за Судска пракса на Европскиот суд за човекови права |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://ks.echr.coe.int/documents/d/echr-ks/guide_art_8_eng<br>https://ks.echr.coe.int/documents/d/echr-ks/guide_data_protection_eng<br>https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/data-protection<br>https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Handbook_data_protection_ENG |

| | |
|---|---|
| | https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/FS_Data_ENG |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Механизми за користење меѓународна правна помош и механизми за користење меѓународни мрежи за судска и обвинителска соработка |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Оваа сесија треба да даде осврт за достапните механизми во пракса кои на судиите и обвинителите треба да им помогнат во ефикасно решавање на случаи со повреда на приватност и лични податоци кои најчесто се меѓународни односно немаат место на извршување (во дигиталниот простор) и отвара потреба за размена на документи и совети помеѓу судии и обвинители од повеќе држави |
| Содржина | - Закон за меѓународна соработка во кривична материја<br>- Закон за меѓународна правна помош<br>- Соработка преку мрежи:<br>  ○ European Union Agency for Criminal Justice Cooperation - EUROJUST<br>  ○ European Judicial Cybercrime Network<br>  ○ the Network of National Experts on Joint Investigation Teams (the JITs Network) - Council Document 11037/05<br>  ○ european judicial network |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Самостојна сесија |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://www.pravda.gov.mk/mpd-bilaterala<br>https://www.eurojust.europa.eu/<br><br>https://www.ejn-crimjust.europa.eu/ejn2021/Home/EN |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Институционална рамка за заштита на личните податоци |

| | |
|---|---|
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Со оваа сесија слушателите на обуката треба да стекнат појасна слика околу тоа кои се институциите кои ја обезбедуваат институционалната заштита на приватноста и личните податоци, нивните надлежности и постапувања. |
| Содржина | Во оваа сесија треба да бидат опфатени клучните институции на домашно и меѓународно ниво:<br>- Агенција за заштита на лични податоци<br>- судови (основни, апелациони, Врховен, Управен и Виш управен суд)<br>- јавни обвинителства (основни, виши, ЈОРСМ)<br>- ЕСЧП<br>- ЕСП<br>- МКД ЦИРТ<br>- Европскиот супервизор за заштита на податоци |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Самостојна сесија |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://edps.europa.eu/_en<br>https://mkd-cirt.mk/ |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Обврски за заштита на личните податоци кога правосудните органи се во улога на контролори |

| | |
|---|---|
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Правосудните органи се наоѓаат и во ситуации кога е неопходно да обработуваат лични податоци кога постапува вон своето судско или обвинителско својство. Од тие причини неопходно е судовите и обвинителствата да имаат свои правила за заштита на личните податоци кога се во улога на контролори. |
| Содржина | • Судскиот деловник, Службен весник на РМ, бр. 66 од 9.5.2013 година, односно следните членови:<br>- членот 287 за Давање на податоци од казнената евиденција<br>- членот 288 – податоци за осудуваност или неосудуваност<br>- членот 130 за анонимизација на одлуките<br>• Анонимност на странките при објавувањето на судските одлуки според ЕСП |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Самостојна сесија – одлука е на обучувачот дали воопшто ќе ја вклучи оваа тема како дел од обуките |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | Судски деловник, достапен на https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/sudski_delovnik_2014.pdf<br>https://curia.europa.eu/jcms/upload/docs/application/pdf/2021-02/ndr_2017-002_neutralisee-en.pdf |

| | |
|---|---|
| Назив на аспектот/сесијата: | Влијанието на модерното време и новите технологии на заштитата на личните податоци и правото на приватност |
| Вештини и знаења со кои се стекнува слушателот на обуката | Користењето на интернет и алатките за пребарување, социјалните медиуми, преносот на информации, податоци и средства преку интернет, вештачката интелегенција и разните видови алгоритми носат свои предизвици при заштитата на личните податоци и правото на приватност. Дополнително, овие области се предмет на постојани промени што ја отежнува работата на институциите кои доаѓаат во допир со предмети каде нивното користење е причина за повредата на личните податоци. Но, и покрај прогресивноста во нивниот развој, важно е главните чинители од правосудните органи и |

| | |
|---|---|
| | вработените при Министерството за внатрешни работи, да се стекнат со некои основни знаењеа за тоа како овие алатки функционираат и влијаат врз заштитата на човековите слободи и права, што всушност ќе го понуди оваа сесија. |
| Содржина | • Видови на нови технологии и нивниот подем<br>• Влијанието на овие технологии врз човековите права<br>• Предизвиците при обезбедувањето на докази и вештачењата во постапки каде повредата на личните податоци се јавува при користење на некоја од новите технологии<br>• Судска пракса (домашна, од Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата) |
| Дали е самостојна сесија или поврзана со друга? | Самостојна сесија |
| Релевантни веб линкови или референци за литература/материјали | https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Guide_Data_protection_ENG<br>https://www.dpcuria.eu/ |